Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ –
19 декември 2019 година

Врз основа на член 7 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и Службен весник на РСМ бр. 97/19), Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавува

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ и**
**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ**
**за избор на два членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областите „Наука, образование и доживотно учење“„Медиуми и информатичко општество“**

## I. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЈАВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ СО КАНДИДАТИ

Врз основа на Јавен повик за избор на четири членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областите „Наука, образование и доживотно учење“, „Заштита на маргинализирани лица“, „Медиуми и информатичко општество“ и „ЕУ интеграции и политики“, објавен на 27 ноември 2019 година, на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, во предвидениот рок (11.12.2019 година) пристигнати се пријави за пет кандидати.

При административната проверка на пријавите се утврди дека се пристигнати три пријави за областа „Наука, образование и доживотно учење“, две пријави за областа „Медиуми и информатичко општество“, додека во областите „Заштита на маргинализирани лица“и „ЕУ интеграции и политики“ не е пристигната ниту една пријава.

Пријавите на следните здруженија ги исполнуваат условите од Јавниот повик: Здружение за дислексија АЈНШТАЈН Скопје; Здружение на граѓани „Младински образовен форум“, Скопје и Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје.

Здружението на граѓани за правата на децата и младинци со посебни потреби БОТА ИМЕ, Скопје не го исполнува условот да е регистрирано согласно одредбите на

Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на Јавниот повик (датум на основање 14.12.2017 година).

Пријавата на Здружение на новинарите на Македонија Скопје е пристигната по истекот на рокот, на 16.12.2019 година.

## II. ЈАВЕН ПОВИК ЗА ГЛАСАЊЕ
**за избор на два членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областите „Наука, образование и доживотно учење“ и „Медиуми и информатичко општество“**

Се повикуваат сите активни организации регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации, **кои дејствуваат во областа „Наука, образование и доживотно учење“ или „Медиуми и информатичко општество“ согласно нивниот статут**, да го дадат својот глас **само за еден кандидат**.

Организациите не гласаат за кандидатот од својата организација.

Гласањето се врши со пополнување на **Образец за гласање**, достапен на следниот линк www.nvosorabotka.gov.mk и доставување на копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата.

Сојузите регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации пополнуваат еден образец за гласање, што се смета за еден даден глас.

Организациите можат да поддржат само еден кандидат од следната **Листа на кандидати.**

| Број | Име и презиме на кандидатот | Име на здружението / фондацијата што предлага кандидат | Биографија и Мотивациско писмо |
|---|---|---|---|
| **1. Наука, образование и доживотно учење** | | | |
| 38-32/2 | Дамјан Николовски | Здружение за дислексија АЈНШТАЈН Скопје | Биографија и Мотивациско писмо |
| 38-32/3 | Теодора Столевска | Здружение на граѓани „Младински образовен форум“, Скопје | Биографија и Мотивациско писмо |
| **2. Медиуми и информатичко општество** | | | |
| 38-32/5 | Бардил Јашари | Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје | Биографија и Мотивациско писмо |

За неважечки ќе се сметаат гласовите на организациите што не се **активни** согласно тековната состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, како и гласовите на организациите кај кои областа на

дејствување **„Наука, образование и доживотно учење“ или „Медиуми и информатичко општество“,** не е предвидена во нивниот статут.

**Рокот за гласање е до 03.01.2020 година**.

Пополнетиот **образец за гласање потпишан од застапникот на организацијата и заверен со нејзиниот печат,** со копија од **тековна состојба** од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата, треба да се достават преку пошта, на адреса:

Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации
бул. “Илинден“ бр.2
1000 Скопје
со назнака: „Поддршка на кандидат за член во Советот“.

или **скенирани** да се достават по електронски пат на адреса: nvosorabotka@gs.gov.mk.

Во рок од 8 дена по завршувањето на гласањето, Генералниот секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk ќе објави Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за областите „Наука, образование и доживотно учење“ и „Медиуми и информатичко општество“.

Во случај кога има два или повеќе прворангирани кандидати, гласањето ќе се повтори најдоцна 15 дена од објавувањето на Листата на кандидати.